



## Идеата на проектот е:

ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ КАЈ ДЕЦАТА

ОБРАЗОВАНИЕ И ПОДДРШКА ЗА РОДИТЕЛИ И СТАРАТЕЛИ

ФОРУМ ЗА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА

СВЕСНА РАБОТА СО ВИСОКО ЧУВСТВИТЕЛНИ ДЕЦА

www.highlysensitive.eu

# ЈОУДГ Брешиа

## ЛОКАЦИЈА

ЈОУДГ Брешиа
8 Септември
1250 Дебар, Република Северна Македонија

## КОНТАКТ

Европски Координатор:
Monika Baryła-Matejczuk
Национален Координатор:
ЈОУДГ Брешиа
Тел: 00389 46 831 004

*breshiadebar@yahoo.com*
*e-motion@highlysensitive.eu*

Erasmus+

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија (проект бр: 2018-1-PL01-KA201-051033). Оваа публикација ги отсликува ставовите само на авторот, а Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба што може да се направи од информациите содржани во нив.

E-motion
Potential of highlysensitivity

# Е-МОТИОН

## Потенцијална високо-чувствителност

Што значи: Е-МОТИОН - Потенцијалите на високата чувствителност?

**Е-МОТИОН** Тоа е првиот проект во Република Северна Македонија кој е развиен од истражувачи и практичари, и насочен кон поддршка на високо чувствителните деца во нивната непосредна околина.

## Која е целтта на проектот?

Основната цел на проектот е да се развие, тестира и имплементира сеопфатен модел на поддршка за високо чувствителните деца во предучилишна и рана училишна возраст.

## За кого?

Ние го креиравме овој проект со цел да обезбедиме сеопфатна поддршка за децата со висока чувствителност. Планираните активности вклучуваат оддршка на **деца од предучилишна возраст (3-6 години) и училишна (7-10 години) возраст,** нивните родители и наставници, со што опфатени се и предучилишните и училишните установи. Развиените материјали се насочени кон непосредната околина на високо чувствителните деца. Претпоставувавме дека возрасното лице игра особено важна улога во развојот на детето и е примарен извор на емоционална поддршка. За високо чувствителните деца, несоодветните услови за развој може да станат особено тешки и, следствено на тоа, тие можат негативно да влијаат на нивната иднина.

## Како можеме да го поддржиме?

### М О Д Е Л

Сеопфатен модел на поддршка за високо чувствителни деца од предучилишна и училишна возраст.

### Р А Б О Т Н И Ц И

Работилници за наставниот кадар на меѓународно и национално ниво.

### П Л А Т Ф О Р М А

Интернет-платформа која содржи сет на прашалници за оценување на високата чувствителност, како и едукативни материјали кои ја поддржуваат работата со високо чувствителните деца за родители и наставници (за наставниот кадар).

### П Р И Р А Ч Н И К

Психометриски водич за прашалници.

### К О М П Е Н Д И У М

Компендиум на знаење (со упатство) за висока чувствителност за родителите и наставниците.

## Што значи: Е-МОТИОН – потенцијалите на високата чувствителност?

Познато е дека раните искуства кај децата се од особено значење за понатамошниот развој. На оваа возраст (кога треба да се подготват за училиште и училишните обврски), особено е важно да се препознаат потенцијалите, способностите и тешкотиите на детето во различни области на функционирање. Ние привлекуваме внимание на клучната улога на квалитетот на непосредната околина (домашно и училишно опкружување) во создавање услови за соодветен развој на високо чувствителните деца.

**Преку Обработка на Сензорната Чувствителност (Sensory Processing Sensitivity - SPS)** се опишуваат индивидуалните варијации кај чувствителноста однсно позитивните и негативните фактори на животната средина. Соодветна поддршка на детето овозможува разбирање и третман на чувствителност како потенцијал а не како недостаток или товар. Да се биде многу емотивен може да го попречи или одложи достигнувањето на зрелоста. Свеста за ресурсите на детето ни овозможува да се справиме со воспитувањето и воспитно-образовниот процес на таков начин, да ги развиваме, проширувме и модифицираме ресурсите на детето и да не се фокусираме на недостатоците или тешкотиите.

**Ги покануваме родителите, наставниците и психолозите на: тест прашалници, во кои се користат материјали за работа со деца од предучилишна возраст и ученици.**

www.highlysensitive.eu